**201908201109**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член член 9 став 1 под б точка 3 и став 3, член 33, член 35 и член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Сл.весник на РМ“ бр. број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/16 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 март 2019 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА**

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019 и 20/2019 ), членот 21 се менува и гласи:

“Рокот на траење на протезите од член 16 од овој Правилник изнесува:

1) Протези за раце:

- за осигурени лица, деца до 7 годишна возраст-7 месеци
- за осигурени лица деца над 7 до 18 годишна возраст -18 месеци
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 36 месеци
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 48 месеци

2) Протези за нозе:

- за осигурени лица, деца до 7 годишна возраст-7 месеци
- за осигурени лица деца над 7 до 18 годишна возраст -12 месеци
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст -24 месеци
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 48 месеци

Рокот на траење на протезите од член 18 од овој Правилник изнесува:

- за осигурени лица, деца над 6 до 18 годишна возраст -24 месеци
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 36 месеци
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 60 месеци “

Член 2

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ПРОТЕЗИ ЗА РАЦЕ, вид 1 за шифрите 1609, 1610 и 1611 во колоната „ Рок на употреба во месеци според возраста до 7 години“ се додаваат зборовите “24 над 6 години“, а во колоната “Рок на употреба во месеци според возраста над 18 до 65 год“ бројот “24“ се заменува со бројот „36“.

Член 3

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата НАДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ за ортопедското помагало од вид 1, со шифра 1110-надколена протеза со две стопала (кај скратување), во колоната "медицински индикации" се додаваат зборовите "Q72.4 лонгитудинален редукциски дефект на фемур".

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата НАДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ за ортопедското помагало вид 1, шифра 1112-надколена скелетна протеза со карбонско лежиште, во колоната "единечна цена со сите давачки" се додава бројот "132.225,00".

Член 4

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ за ортопедското помагало вид 1, шифра 1310-скочен зглоб за стопало тип нормгеленк, во колоната "медицински индикации" се додаваат зборовите " и Q72.4 лонгитудинален редукциски дефект на фемур".

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ за ортопедското помагало вид 1, шифра 1315-хидраулично повеќеосовинско колено, во колоната "единечна цена со сите давачки" се додава бројот "91.952,00".

Член 5

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата СТОПАЛА за ортопедското помагало вид 1, шифра 1402- стопало тип нормгеленк гумено, во колоната "медицински индикации" се додаваат зборовите " и Q72.4 лонгитудинален редукциски дефект на фемур".

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата СТОПАЛА за ортопедското помагало вид 1, шифра 1405- карбонско динамично стопало за високо активни корисници , во колоната "единечна цена со сите давачки" се додава бројот "87.008,00".

Член 6

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата СУСПЕНЗИИ И КОЗМЕТИКА за ортопедското помагало вид 1, шифра 1502- кожна суспензија, во колоната "медицински индикации" се додаваат зборовите " и Q72.4 лонгитудинален редукциски дефект на фемур".

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот СУСПЕНЗИИ И КОЗМЕТИКА вид 1 за ортопедското помагало со шифра 1505 - навлака за чунка, во колоната "медицински индикации" се додаваат зборовите " и Q72.4 лонгитудинален редукциски дефект на фемур".

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата СУСПЕНЗИИ И КОЗМЕТИКА за ортопедското помагало вид 1, шифра 1506- надколена силиконска навлака за чунка, во колоната "единечна цена со сите давачки" се додава бројот "14.066,00".

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата СУСПЕНЗИИ И КОЗМЕТИКА за ортопедското помагало вид 1, шифра 1507- суспензија за брзо навлекување на протеза (kiss system), во колоната "единечна цена со сите давачки" се додава бројот "13.407,00".

Член 7

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ОРТОПЕДСКИ ЧЕВЛИ вид 1 за ортопедското помагало со шифра 4112 - чевли отворен фудбалски тип за протези, во колоната "медицински индикации" се додаваат зборовите " и Q72.4 лонгитудинален редукциски дефект на фемур".

Член 8

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-5125/13
1 април 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Ридван Асани,** с.р.